Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во општина Василево за 2025 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во општина Василево за 2025 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 09.07.2025 година.

08-1059/2 Општина Василево
10.07.2025 г. Градоначалник
Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 09.07.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за измена и дополнување на Програмата за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во општина Василево за 2025 година**

**Член 1**

Во член 2 се менува точка 7, се додава нова точка 8 и гласи :

1. Реконструкција на повеќенаменско игралиште во с.Радичево во висина од **3.100.000 ден.**
2. Реконструкција на кошаркарско игралиште во Владевци **2.660.000 ден**.
3. Партерно уредување на простор во населено место Пиперево **1.000.000 ден**.
4. Поставување на ограда на повеќенаменско игралиште во Чанаклија **740.000ден.**
5. Изградба на пристапна патека во гробиштата во населено место Ангелци **290.000 ден**.
6. Поставување на електрична инсталација и осветлување на повеќенаменско игралиште во Радичево **600.000 денари**
7. Изградба на отворен канал од населено место Владиевци до населено место Сушево

**9.857.377 денари**

8. Изградба на отворен канал за одводнување – КО Дукатино **7.076.432 ден.**

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Василево”.

08-1059/1 — Совет на Општина Василево
10.07.2025 г. — претседател
Ристо Делијанов